| | |
|---|---|
| **Наслов на активноста** | |
| Бонтон во нашиот дом | |
| **Возраст** | |
| Развоен период (од 4 до 10-годишна возраст) | |
| **Простор/локација** | **Карактерна вредност** |
| Домашни услови | Одговорност и самостојност |
| **Потребно време за подготовка** | **Потребно време за реализација** |
| 20 минути | 30 минути |
| **Цели** | |
| Целта е кај детето да се развијат работните навики и грижата за домот. | |
| **Очекувани резултати** | |
| Детето се грижи за хигиената во домот. | |
| **Насоки** | |

**<u>Претходна подготовка за активност</u>**

Подготовка на табела на голем лист хартија, така што пред секој ред хоризонтално се запишуваат имињата на секој член од семејството, а над секоја колона вертикално се запишуваат активностите поврзани со одржување на хигиената во домот (бришење на прашина, средување играчки, местење на кревет, чистење со правосмукалка, поставување прибор за јадење и сл.) Доколку е детето помало може да се нацраат и цртежи за соодветната активност.

**<u>Инструкции/насоки за играта</u>**

На детето му се објаснува дека за секоја извршена активност во домот, пишува + во соодветното поле каде што се сретнуваат неговото име и активноста којашто ја направило.

**<u>Активност/игра</u>**

Во воведниот дел на активноста се чита текстот Бонтон во нашиот дом (прилог бр. 1). Се разговара за улогата на секој член од семејството во грижата за хигиената на домот

и нејзиното значење и важност. Се одредува кои активности можат да ги изведуваат децата самостојно, а кои треба заедно со родителите (прилог бр. 2). На децата им се објаснува дека доколку секој помага во домот, домашните обврски побрзо ќе ги завршуваат и ќе имаат повеќе слободно време за заедничко дружење. Заедно прават список на омилените заеднички семејни активности и ги запишуваат на лист хартија. Потоа може да направат распоред на дневните активности за секој член од семејството и за секоја извршена активност од табелата да стават + во соодветното поле според дадените инструкции. Членовите на семејството се договараат дека кога еден член од семејството ќе собере пет + има право да избере која од омилените заеднички активности ќе ја прават, како награда за постигнатите успеси (прошетка во парк, возење велосипеди, излет, гледање на омилениот филм, друштвена игра и сл.).

<table>
<tr><th>Прилози</th><th>Материјали</th></tr>
<tr><td>

<u>Прилог бр. 1</u>

Текст Бонтон во нашиот дом

<u>Прилог бр. 2</u>

Линк до видео од изработка




</td><td>

- Хартија или хамер
- Прибор за цртање и пишување

</td></tr>
</table>

**Активноста е подготвена од:**

Едукатори: Соња Чаловска, Весна Пецева

Графички дизајн: Катерина Николовска

Лектура: Јана Михајловска

Превод: Агим Лека





Прилог бр. 1

Текст Бонтон во нашиот дом

**БОНТОН ВО НАШИОТ ДОМ**

Во домот на Арик и Аника, секогаш е сè уредно и чисто. Мајка им прашината од полиците ја брише со крпа, а таткото со правосмукалка трошките од килимот ги брка. Мишко со радост им помага, книгите и играчките на нивното место ги става.

-А Аника, каде е таа сега, зарем од работа бега? - се запраша Арик.

Во истиот миг ја здогледа својата сестра како трча и скока низ собите во нивниот дом и насекаде прави лом. Во детската соба на подот фрла хартии од чоколади, а во ходникот лушпи од банани. На креветот во спална истури сок од сливи, а потоа во бањата со тушот направи фонтана за риби.

-Застани Аника, не може вака- ѝ рече Арик. – За хигиената во домот треба да се грижат сите, сè да се врати на место и да се исчисти после игрите. Во нашиот дом се однесуваме според бонтон.